**20162265008**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 153 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# НОТАРСКА ТАРИФА

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа тарифа се определува наградата за работата и надоместокот на трошоците во вршењето на службените дејствија од делокругот на работата на нотарот.

Член 2

(1) Наградата на нотарот се определува:

а) според вредноста, сложеноста и видот на нотарската исправа и

б) според времето и местото потребно за подготовка и вршење на определени службени дејствија.

(2) За дејствијата за кои не може да се определи награда врз основа на ставот (1) на овој член, се определува паушален износ, без оглед на вредноста или времето потребно за преземање на определени службени дејствија.

(3) Надоместокот на нотарот за извршените службени дејствија се определува според реално направените трошоци за изработка на одделни нотарски исправи, надоместокот за службените дејствија преземени надвор од нотарската канцеларија, надоместокот за превоз, надоместокот за достава, како и надоместокот за писмени барања или известувања кои нотарот ги упатува спрема учесниците во постапката или други државни органи и институции.

## 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ПРЕДМЕТОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА

### Вредност на стварта

Член 3

(1) Наградата на нотарот се определува според вредноста на стварта - предмет на службеното дејствие, утврдена во табелите од членовите 11 и 12, од оваа тарифа.

(2) При утврдување на наградата како вредност на стварта - предмет на службеното дејствие се зема само главното побарување.

(3) Проценетата пазарна вредност на недвижниот имот претставува основ за определување на наградата за нотарските дејствија, особено за составување на нотарски акт и потврдување на приватна исправа (солемнизација).

(4) Ако пазарната вредност на недвижниот имот не може да се процени, истата се определува врз основа на прометната вредност на недвижниот имот.

### Вредност на заложно право

Член 4

Вредноста на заложното право (рачен залог или хипотека) се определува според висината на обезбеденото побарување.

**Договори за закуп и службеност**

Член 5

(1) Кај договорите за закуп вредноста на предметот на службеното дејствие се определува според вредноста на едногодишна закупнина.

(2) Кај договорите за закуп според кои закупниот однос е склучен за период пократок од една година, вредноста се определува според вредноста на вкупниот износ на месечните закупнини.

(3) Кај договорите за службеност, вредноста се определува според вредноста на привилигираната недвижност.

**Договори за физичка делба**

Член 6

Вредноста на договорите за физичка делба се определува според вредноста на ствaрта што е предмет на физичка делба.

**Договори за размена**

Член 7

Вредноста на договорите за размена се определува според вкупната вредност на стварите што се предмет на размена.

**Службени дејствија во врска со трговски друштва, установи, задруги, здруженија и фондации**

Член 8

(1) Вредноста на договорот за основање на трговско друштво, изјавата за основање на ДООЕЛ или која било форма на трговско друштво се определува според вкупната вредност на вложувањата на сите основачи, односно основната главнина на друштвото.

(2) За промена на договорот за основање на трговските друштва, спојување, делба, престанок, зголемување и намалување на основачки влог вредноста на предметот на службеното дејствие се определува според големината на промената, земајќи го предвид имотот на друштвото намален за обврските.

(3) Ако промената од ставот (2) на овој член се однесува на определен паричен износ, меродавен е тој износ.

(4) За промена на управител, за промена на назив, за промена на основач, за промена на дејност и за промена на правната форма на трговските друштва се применува одредбата од членот 12 од оваа тарифа.

(5) Одредбите од овој член на соодветен начин се применуваат и кај установите, задругите, здруженијата и фондациите.

**Договори за уредување на имотни односи помеѓу брачни другари и помеѓу лица што живеат во вонбрачна заедница и тестамент**

Член 9

Вредноста на договорите за уредување на имотните односи помеѓу брачните другари и помеѓу лицата што живеат во вонбрачна заедница се определува според вредноста на имотот на двете договорни страни намален за обврските.

Член 10

Вредноста на имотот при располагање во случај на смрт се определува според вредноста на имотот на оставителот што е предмет на располагање намален за обврските.

## 3. НАГРАДА ЗА НОТАРСКИ АКТИ

Член 11

(1) За подготовката и составувањето на нотарските акти од член 52 став (1) од Законот за нотаријатот и други закони на нотарот му припаѓа награда според вредноста на предметот на службеното дејствие, и тоа:

| Од денари | До денари | Награда во денари |
|---|---|---|
| | 100.000,00 | 800,00 |
| 100.001,00 | 200.000,00 | 1.200,00 |
| 200.001,00 | 300.000,00 | 2.000,00 |

(2) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 300.001,00 денари до износ од 3.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа покрај награда од 2.000,00 денари и дополнителна награда од 100,00 денари на секои започнати 10.000,00 денари, но не повеќе од 8.000,00 денари.

(3) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 3.000.001,00 денари до износ од 5.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 10.000,00 денари.

(4) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 5.000.001,00 денари до износ од 9.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 12.000,00 денари.

(5) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 9.000.001,00 денари до износ од 20.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 20.000,00 денари.

(6) За вредноста на предметот на службеното дејствие во износ од 20.000.001,00 денари до износ од 60.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 30.000,00 денари.

(7) Ако вредноста на предметот на службеното дејствие го надминува износот од 60.000.000,00 денари, на нотарот му припаѓа награда од 60.000,00 денари.

(8) Во наградата од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член, опфатена е и наградата за издавање на изводи и преписи ако се издаваат непосредно по составувањето на нотарскиот акт.

**Потврдување на приватна исправа**
**(солемнизација)**

Член 12

(1) За потврдување на приватна исправа (солемнизација), на нотарот му припаѓа награда во висина од 50% од наградата утврдена во членот 11 од оваа тарифа.

(2) За потврдување на спогодба постигната во постапка за медијација и за издавање на потврда за извршност на странките, на нотарот му припаѓа единствена награда, и тоа:

| Од денари | До денари | Награда во денари |
|---|---|---|
| | 50.000,00 | 500,00 |
| 50.001,00 | 500.000,00 | 1.500,00 |
| над 500.001,00 | | 3.000,00 |

**Неопределена вредност**

Член 13

Ако вредноста на предметот на службеното дејствие не може да се утврди, наградата се определува според вредноста што ја определила странката, но не помала од 800,00 денари.

**Учество на повеќе странки, сведоци, толкувачи или преведувачи**

Член 14

(1) Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат повеќе од две странки, наградата од членот 11 од оваа тарифа се зголемува за третата странка, и за секоја наредна странка по 10%, но најмногу до 50% од вредноста на предметот на службеното дејствие.

(2) Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат сведоци, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 200,00 денари.

(3) Ако при составувањето на нотарскиот акт или потврдувањето на приватна исправа учествуваат толкувачи или преведувачи, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 500,00 денари.

**Учество на повеќе нотари**

Член 15

(1) Ако при составувањето на нотарскиот акт учествуваат повеќе нотари, наградата од членот 11 од оваа тарифа, се зголемува за по 50% за секој нареден нотар.

(2) На нотарот кој е повикан да изврши дејствие му припаѓа основната награда, а на другите нотари им припаѓа зголемената награда.

**Изјави и други еднострани правни исправи**

Член 16

(1) За составување на еднострани правни исправи во форма на нотарски акт, на нотарот му припаѓа награда од 400,00 денари.

(2) Одредбите од став (1) на овој член на соодветен начин се применуваат и за другите нотарски службени дејствија, освен ако за вршење на тие дејствија не е определен друг начин за определување на награда според оваа тарифа.

## 4. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА

### Член 17

(1) За сите дејствија при спроведување на оставинската постапка, по правило, на нотарот му припаѓа, една награда, која се определува според вредноста на оставината.

(2) Вредноста на оставината се определува врз основа на изјава на учесниците, податоците за имотот од јавните книги утврдени во самата постапка и податоците кои учесниците му ги предале на нотарот.

(3) По барање на некој од учесниците, но на негов трошок, вредноста на оставината може да ја определи проценител врз основа на закон.

(4) За утврдување на вредноста на основачкиот удел и акциите во друштвата се зема нивната номинална вредност.

(5) При утврдување на вредноста на чистата оставина, од вредноста на оставината се одбиваат долговите на оставителот, легатите и другите товари, трошоците за пописот и проценката на оставината и други трошоци.

### Член 18

(1) За изготвување на решение со кое се запира оставинската постапка заради постоење на договор за доживотна издршка, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

(2) За изготвување на решение со кое е одлучено да не се води оставинска постапка за расправање на оставина поради немање на имот, на нотарот му припаѓа награда од 200,00 денари.

(3) За изготвување на решение со кое, по барање на предлагачот, предлогот за поведување на оставинска постапка се смета за повлечен, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

(4) За изготвување на решение со кое се отфрла предлогот за поведување на оставинска постапка, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

### Член 19

(1) Во оставинската постапка не се засметуваат трошоците за потрошена хартија и друг канцелариски материјал, за изготвување на покани и други исправи и за задржување на преписите кај нотарот од оставинскиот спис.

(2) Нотарот наплатува ПТТ трошоци во реален износ.

(3) При вршење на попис на оставината на нотарот му припаѓа награда согласно член 43 од оваа тарифа.

### Член 20

(1) Трошоците и наградата која му припаѓа на нотарот за спроведување на оставинската постапка, ја плаќаат наследниците сразмерно на големината на нивните наследни делови.

(2) За пресметаната и наплатената награда и трошоци, како и за можната ненаплатена награда или трошоци, независно дали се констатирани во поединечните исправи (записници, решение и слично), нотарот во списите води пресметковен лист во кој хронолошки се наведуваат сите факти и извршени уплати од секој учесник, а по спроведувањето на постапката пресметковниот лист се заклучува при што се потврдува дали во целост или делумно се наплатени наградата и трошоците од страна на учесниците.

### Член 21

(1) За извршените дејствија на нотарот во оставинската постапка како што се: повикување на учесниците на рочиште за спроведување на постапката, донесување на решение, доставување на решение, ставање на штембил за правосилност, како и други

дејствија за кои со оваа тарифа не е предвидена посебна награда за нотарот, на нотарот му припаѓа награда во нето износ според вредноста на оставината, во висина од 50 % од наградата пропишана со табелата, а по одбивањето на трошоците за достава, и тоа:

| Вредност на оставина во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | Награда во денари |
| | 10.000,00 | 480,00 |
| 10.000,00 | 50.000,00 | 800,00 |
| 50.000,00 | 100.000,00 | 1.600,00 |
| 100.000,00 | 200.000,00 | 2.400,00 |

(2) Ако вредноста на оставината го надминува износот од 200.000,00 денари, покрај наградата од 2.400,00 денари нотарот наплатува и по 1% за секој започнат денар преку 100.000,00 денари, но не повеќе од 9.600,00 денари.

(3) Ако предмет на оставинската постапка е право на денационализација, за извршените дејствија на нотарот му припаѓа 50% од наградата од ставовите (1) и (2) на овој член.

(4) За прогласување на тестамент, на нотарот му припаѓа награда во износ од 2.000 денари.

(5) Ако настапат услови за прекин на оставинската постапка за дотогаш извршените дејствија од страна на нотарот, на нотарот му припаѓа 50% од наградата од ставовите (1) и (2) на овој член и надоместок за сите дотогаш направени трошоци.

(6) Ако по прекинот на оставинската постапка, доврршувањето на оставинската постапка повторно му се довери на нотарот, на нотарот му припаѓа награда до полниот износ на наградата од ставовите (1) и (2) на овој член и настанатите дополнителни трошоци.

(7) За изготвување на дополнително решение за дополнителна утврдена оставина, на нотарот му припаѓа награда според дополнително утврдена вредност на тој дел од оставината.

(8) За легат на нотарот му припаѓа награда во зависност од вредноста на легатот.

(9) За изготвување само на записник при давање на наследничка изјава на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари.

Член 22

Ако нотарот не ја заврши оставинската постапка на првото рочиште, нотарот може да наплати аванс за трошоци во оставинската постапка, но не повеќе од 3.100,00 денари.

## 5. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 23

(1) За сите преземени дејствија при спроведување на постапка за издавање на решение за нотарски платен налог, на нотарот му припаѓа единствена награда која се определува спрема вредноста на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог.

(2) При определувањето на вредноста на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, трошоците на постапката и споредните побарувања се земаат предвид само ако се предмет на главното побарување наведено во барањето.

Член 24

(1) При спроведување на постапка за издавање на решение за нотарски платен налог, на нотарот му припаѓа надоместок на трошоците во полн износ.

(2) Трошоците се определуваат според одредбите од оваа тарифа.

Член 25

Наградата и надоместокот на трошоците, нотарот ја наплатува непосредно од доверителот.

Член 26

Во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог, доверителот не може да бара од нотарот постапување по неговиот предлог сè додека не ја подмири нотарската награда и трошоците.

## 6. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА СПОРЕД ВРЕДНОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 27

(1) За дејствија што нотарот ги презема во врска со приемот на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог, издавање на решение за нотарски платен налог или препраќањето на предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучувањето и доставувањето на решението на странките, на нотарот му припаѓа награда во единствен износ во зависност од вредноста на главното побарување во доставениот предлог, и тоа:

| Вредност на предлогот во денари | | |
|---|---|---|
| преку | до | Награда во денари |
| | 10.000,00 | 500,00 |
| 10.000,00 | 20.000,00 | 600,00 |
| 20.000,00 | 40.000,00 | 1.100,00 |
| 40.000,00 | 60.000,00 | 1.600,00 |
| 60.000,00 | 100.000,00 | 2.100,00 |

(2) Ако вредноста на предлогот го надминува износот од 100.000,00 денари, покрај наградата од 2.100,00 денари нотарот наплатува и по 2% за секој започнат денар преку 100.000,00 денари, но не повеќе од 18.000,00 денари.

(3) При издавање на нотарски платен налог заради наплата на парично побарување кое произлегува од комунална услуга и тоа за побарување за електрична енергија, топлинска енергија, за побарување за вода, смет, трошоци за тековно одржување на заеднички простории во етажна сопственост, кога должник е физичко лице, на нотарот му припаѓа награда во износ од 10 % од вредноста на вкупното побарување зголемено за износот на надоместокот за судска такса и за реалните трошоци.

(4) За ставање на потврда за правосилност и извршност на решението на нотарот му припаѓа вкупна награда од 220,00 денари.

Член 28

За процесните решенија што нотарот ги изготвува во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог, и тоа: решение со кое предлогот се смета за повлечен, решение за отфрлање на предлогот, решение за месна ненадлежност, решение со кое се отфрла приговорот, решение за запирање на постапката, решение за прекин на постапката, решение за укинување на потврда на правосилност или извршност, решение за делумно извршување и други дополнителни решенија кои треба да ги донесе, на нотарот му припаѓа награда во висина од 500,00 денари за секое решение.

Член 29

За сите дејствија што нотарот ги презема при постапувањето по извршните предмети оформени врз основа на предлог за издавање на решение за нотарски платен налог, доверени од судот, на нотарот му припаѓа награда во висина од 50% од наградата утврдена во член 27 од оваа тарифа.

7. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ВО
ПОСТАПКА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ (СОЛЕМНИЗАЦИЈА) НА ЗАДОЛЖНИЦА

Член 30

(1) За дејствијата што нотарот ги презема во врска со составувањето, електронското потпишување, евидентирањето и печатењето преку системот за водење на Регистарот на задолжници и потврдување (солемнизација) на задолжницата, на нотарот му припаѓа награда во единствен износ во зависност од висината на побарувањето наведено во задолжницата, и тоа:

| Од денари | До денари | Награда во денари |
|---|---|---|
| | 10.000,00 | 500,00 |
| 10.001,00 | 100.000,00 | 1.500,00 |
| Над 100.001, 00 | | 3.000,00 |

(2) За составување на изјава во форма на нотарски акт, во случај кога доверителот сака да ја повлече задолжницата, како и за составување на изјава во форма на нотарски акт и за поднесување на барање за бришење на задолжницата од Регистарот на задолжницата кога доверителот ќе се откаже од правата од задолжницата, на нотарот му припаѓа награда во износ од 400,00 денари за секоја изјава.

(3) За упис и за бришење на задолжницата од Централен регистар на Република Македонија, на нотарот му припаѓа награда од по 200,00 денари.

8.НАГРАДА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И
ИЗЈАВИ

**Заверка на фотокопија**

Член 31

За секој заверен документ (фотокопиран) на нотарот му припаѓа награда во износ од 100,00 денари, без оглед колку страници содржи документот.

**Заверка на препис**

Член 32

(1) За секој заверен препис на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари за секоја страница заверен препис од исправата до три страници.

(2) Ако исправата се состои од четири или повеќе страници, покрај наградата од став (1) на овој член на нотарот му припаѓа награда во висина од 60 денари за четвртата и за секоја наредна страница од заверениот препис од исправата.

**Заверка на извод**

Член 33

За заверката на извод од трговски, деловни и јавни книги на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари по страница.

**Заверка на превод**

Член 34

За заверка на превод од овластен судски преведувач на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари по документ.

**Заверка на потпис**
**или ракознак**

Член 35

(1) За заверка на потпис или ракознак на нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари.

(2) Ако при заверката на потписот или ракознакот учествуваат и сведоци, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 100,00 денари за секој сведок.

(3) На нотарот му припаѓа награда од 100,00 денари ако при заверката учествувал и толкувач или преведувач.

**Потврда за времето кога е предочена**
**исправата**

Член 36

За потврда за времето кога му е предочена (поднесена) исправата на нотарот му припаѓа награда од 80,00 денари.

**Потврда дека некој е жив**

Член 37

За потврда дека некој е жив на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари.

**Овластување на нотарот и потврдување на други факти од јавен регистар**

Член 38

(1) За овластување на нотарот за потврдување на други факти од јавен регистар, на нотарот му припаѓа награда во износ од 200,00 денари.

(2) За потврда за извршените службени дејствија, врз основа на овластувањето од ставот (1) на овој член, на нотарот му припаѓа награда од 800,00 денари.

**Сооппштување на изјава**

Член 39

(1) За писмено или усно сооппштување на изјава и за издавање на потврда за сооппштена изјава, на нотарот му припаѓа награда од 300,00 денари.

(2) Ако сооппштувањето на изјавата е поврзано и со преземање на некое правно дејствие, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 250,00 до 500,00 денари, во зависност од времето потребно за преземање на тоа дејствие.

(3) За достава како доверена работа според посебни закони, на нотарот му припаѓа награда, и тоа:

а) за изготвување на записник за прием на писмено заради доставување и дејствијата преземени заради доставување согласно закон, награда од 200,оо денари;

б) за изготвување на записник за успешна достава на писмено согласно закон , награда од 1.200,00 денари.

**Примање на изјава**
**под заклетва**

Член 40

За примање на изјава под заклетва на нотарот му припаѓа награда од 200,00 до 600,00 денари, во зависност од сложеноста и големината на изјавата.

**Водење записници и потврдување на одлуки и**
**заклучоци на собранија и седници на други органи**

Член 41

(1) За утврдување на идентитет, водење записници и потврдување на одлуки и заклучоци на собрание или на седница на некој друг орган на правно лице, на нотарот му припаѓа награда во зависност од вкупниот износ на основната главнина на правното лице, и тоа:

а) за основна главнина на правно лице во вкупен износ од 5.000,00 евра до 25.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 5.000,00 денари;

б) за основна главнина на правно лице во вкупен износ од 25.001,00 евра до 50.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 7.000,00 денари;

в) за основна главнина на правно лице во вкупен износ од 50.001,00 евра до 100.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 8.000,00 денари;

г) за основна главнина на правно лице во вкупен износ над 100.000,00 евра во денарска противвредност, награда од 10.000,00 денари.

**Заверка на депониран потпис**
**или ракознак**

Член 42

(1) За заверка на депониран потпис на записник на лице овластено за потпишување за друштво, орган или организација во нотарска канцеларија, на нотарот му припаѓа награда од 500,00 денари.

(2) За заверка на потпис или ракознак на записник надвор од нотарската канцеларија, на нотарот му припаѓа награда од 1.000,00 денари.

**Потврдување на  други факти**

Член 43

За потврдување на други факти на нотарот му припаѓа награда од 500,00 до 3.000,00 денари, во зависност од сложеноста на извршената работа и времето потребно за извршување на службеното дејствие.

**Протест**

Член 44

(1) За протестирање на меници, чекови и други хартии од вредност, на нотарот му припаѓа награда според одредбите од членот 11 од оваа тарифа.

(2) Наградата од ставот (1) на овој член ја опфаќа и наградата за времето потребно за извршување на дејствијата на протестот.

## 9. НАГРАДА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОДИ, ПОТВРДИ, ПРЕПИСИ И ИЗВАДОЦИ

**Изводи и преписи**

Член 45

(1) За повторно издавање на изводи и преписи од нотарски акт, на нотарот му припаѓа награда од 150,00 до 1.200,00 денари во зависност од големината на изводот или преписот, бројот и големината на прилозите и времето потребно за неговото издавање.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член соодветно се применува и за извадоци од нотарските акти.

(3) За издавање на потврда за издадени изводи и преписи на нотарскиот акт на нотарот му припаѓа награда од 150,00 до 300,00 денари.

**Потврди за уписи во уписници**

Член 46

(1) За издавање на потврди за уписи во уписници на нотарот му припаѓа награда од 150,00 до 300,00 денари, во зависност од големината на потврдата и времето потребно таа да се издаде.

(2) За издавање на заверени исправи во форма на препис или заверена фотокопија од архивата на нотарот, а по барање на странка, на нотарот му припаѓа награда во износ од 60,00 денари од страница.

**Потврда за постоење на нотарски акт, записници и други заверени и потврдени исправи**

Член 47

За издавање на потврда за постоење на нотарски акт, записник и други заверени и потврдени исправи на странките, на нотарот му припаѓа награда од 200,00 денари.

**Потврда за извршност на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа**

Член 48

За издавање потврда за извршност на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа, на нотарот му припаѓа награда од 220,00 денари.

## 10. НАГРАДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИСПРАВИ, ПАРИ И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЗАРАДИ ЧУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ

**Чување и предавање на исправи**

Член 49

(1) За чување и предавање на исправи на нотарот му припаѓа награда за првата година според одредбите од членот 11 од оваа тарифа.

(2) Награда се плаќа за првата година однапред, а за другите години на почетокот на тековната година. Започнатата година се смета за цела година.

(3) Ако вредноста на исправите не може да се утврди, на нотарот му припаѓа награда од 500,00 до 1.000,00 денари во зависност од големината на исправите, нивното значење, од времето и местото на чување.

**Чување и предавање на пари, хартии од вредност и предмети од вредност**

Член 50

(1) За чување и предавање на пари, хартии од вредност и предмети од вредност на нотарот му припаѓа награда за првата година според одредбите од членот 11 на оваа тарифа.

(2) Награда се плаќа за првата година однапред, а за другите години на почетокот на тековната година. Започнатата година се смета за цела година.

(3) Ако чувањето или предавањето на пари, односно на хартии од вредност треба да се изврши надвор од канцеларијата на нотарот, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 500,00 до 1.500,00 денари, во зависност од вредноста на парите, хартиите од вредност и предметите од вредност, како и од времето потребно за преземање на дејствието и начинот на неговото преземање.

(4) Со наградите од ставовите (1) и (3) на овој член опфатени се сите дејствија што нотарот треба да ги преземе во врска со чувањето и предавањето на доверените пари, хартии од вредност и предмети од вредност.

## 11. НАГРАДИ ЗА ДРУГИ РАБОТИ

**Нацрт - исправа, дополнителна потврда и повлекување на барање**

Член 51

(1) Ако нотарот ја подготвил исправата, а по барање на странките не е извршена заверка и упис во соодветниот уписник, на нотарот му припаѓа 50% од наградата предвидена за составување на таа исправа како нотарски акт.

(2) За побарана проверка на нацрт - исправата и дадените упатства на нотарот му припаѓа најмногу до 20% од наградата предвидена за составување на таа исправа како нотарски акт.

(3) Ако се побара од нотарот во рок од една година да ја потврди нотарската исправа за која составил нацрт или која ја проверил, во тој случај наградата која е наплатена според одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член се зема предвид при утврдување на наградата за потврдувањето.

(4) Ако заверката не се заврши по започнувањето на дејствието, на нотарот му припаѓа половина од наградата за потврдување.

## 12. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

### Трошоци за изготвување на извод и препис

Член 52

(1) Нотарот наплатува надоместок на трошоците во врска со изготвување на изводите и преписите, кои по барање или по сила на закон требал да ги издаде.

(2) За секој страница на преписот се признаваат трошоци во висина од 30,00 денари.

### Други трошоци направени во нотарското работење

Член 53

(1) Кога презема службено дејствие надвор од нотарската канцеларија, на нотарот му припаѓа надоместок на трошоци за користење на сопствен автомобил до 30% од цената на литар гориво за соодветното возило по поминат километар, сметано според видот на горивото што го користи возилото, но не повеќе од 3.000,00 денари.

(2) За достава на нотарски акт или солемнизирана приватна исправа заради запишување на правата во Агенцијата за катастар на недвижности или Централниот регистар на Република Македонија, на нотарот му припаѓа награда од 20,00 денари.

## 13. ДОПОЛНИТЕЛНА НАГРАДА

Награда надвор од канцеларија
и надвор од работно време

Член 54

(1) Ако по барање на странката или со оглед на видот на работата, службеното дејствие треба да се изврши надвор од нотарската канцеларија, на нотарот му припаѓа дополнителна награда поради излегувањето од канцеларијата во висина од 20% од наградата предвидена за дејствието за кое патува за секој започнат час поминат надвор од канцеларијата, но не повеќе од седум часа за еден ден, освен службените дејствија кои се однесуваат на заверката на депониран потпис или ракознак надвор од нотарската канцеларија (член 42 став (2) од оваа тарифа).

(2) За преземање на дејствија надвор од работното време, на нотарот му припаѓа дополнителна награда од 50% од полната награда, но не повеќе од 1.500,00 денари.

## 14. НАГРАДА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА НОТАРСКИ ИСПРАВИ ВО ЈАВНИ КНИГИ И РЕГИСТРИ

Член 55

(1) За дејствијата кои нотарот ги презема заради запишување во јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа единствена награда во износ од 600,оо денари.

(2) За дејствијата кои нотарот ги презема заради бришење од јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа 50% од наградата утврдена во ставот (1) на овој член.

(3) За изготвување на оглас за објава во службено гласило, по сила на закон или по барање на странка, и негова достава по електронски пат, на нотарот му припаѓа награда во износ од 500,оо денари.

(4) За издавање на имотен лист, на нотарот му припаѓа надоместок на материјалните трошоци во износ од 5 денари по испечатен лист хартија.

## 15. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 56

(1) Со денот на влегувањето во сила на оваа тарифа престанува да важи Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.108/12).

(2) За започнатите дејствија на нотарот пред денот на влегувањето во сила на оваа тарифа, на нотарот му припаѓа награда според Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.108/12) по која се започнати дејствијата на нотарот.

### Член 57

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-4729/5
30 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери** с.р.